**ТД МАКОШПЕД АД СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ
## од неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата на работењето на друштвото во 2023 година

**Доставено до годишно собрание на**
**Акционери на ТД МАКОШПЕД АД- Скопје**

**1.** Органот на управување на ТД МАКОШПЕД АД Скопје и во деловната 2023 година продолжи да ги применува добрите практики на корпоративно управување почитувајќи го принципот за остварување на правата и интересите на акционерите.

Во текот на 2023 година, друштвото одржа редовно Собрание на акционери во месец мај, како и вонредно Собрание во месец октомври, при што беше испочитуван принципот за остварување на правата и интересите на акционерите. Акционерите своите права во Друштвото ги остваруваат на Собранието и имаат еднаков третман согласно правата кои произлегуваат од класата и родот на нивните акции. Друштвото ги штити правата и интересите на акционерите на тој начин што овозможува остварување на нивните права да предлагаат точки на дневен ред, поставуваат прашање во врска со точките на дневниот ред, да се вклучуваат во дикусијата, да даваат забелешки на текот на седницата на Собранието и да бараат истите да бидат внесени во Записникот од Собранието.

Одборот на директори при свикување на седницата на редовното и вонредното годишно Собрание на акционери во мај и октомври 2023 година, во целост ја испочитува пропишаната постапка за свикување на Собранието, достапноста на информациите, постапката за пријавување/учество, како и начинот на водењето на Собранието.

**2**. Со цел остварување на принципот на транспарентност, Друштвото секогаш навремено и точно информира и доставува на интернет страницата на Македонската берза, ценовно чувствителни информации, финансиски извештаи и информации поврзани со измени во органот на управување.

**3.** Согласно Законот за трговски друштва и Статутот на ТД МАКОШПЕД АД Скопје, на Одборот на директори како орган на управување му се дадени најшироки овластувања во управувањето во рамките на предметот на работењето на Друштвото и согласно позитивните законски прописи кои се на сила.

Согласно овластувањата кои произлегуваат од законот и Статутот на Друштвото членовите на Одборот на директори ја утврдуваат деловната политика на Друштвото, го усвојуваат деловниот план за работа на Друштвото, донесуваат програми и други општи акти на Друштвото, даваат насоки за нивно спроведување, ги донесуваат актите на деловната политика.

Согласно одредбите од Статутот на Друштвото поконкретно опишани од чл.36 до чл.56, Одборот на директори своето работење го остваруваше на своите редовни седници.

Во деловната 2023 година органот на управување на Друштвото

одржа 11 седници на кои се донесени 48 одлуки. Согласно одредбите од Законот за трговските друштва, претседателот ги свикуваше и одржуваше седниците со утврден дневен ред, материјали по точките од дневениот ред и обезбедено присуство на потребен број членови за исполнување на кворум за полноправно одлучување.
Позначајни одлуки кои ги донесе Одборот во 2023 година се 5 одлука со арх. број 02-23/07; 02-23/08 од 07.02.2023 година; со арх. број 02-173/02-09 од 11.07.2023 година; со арх. број 02-198/03,02-198/04 од 03.10.2023 година.

**4.** Согласно член 480 став 2 и став 3 од ЗТД, како посебно овластување на неизвршните членови на Одборот на директори им е дадено вршењето надзор над управувањето со Друштвото и резултатите од извршената ревизијата од страна на овластениот ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи.

Истовремено неизвршните членови на Одборот на директори во текот на деловната година ги разгледуваше следните извештаи:

- месечен извештај за работењето на Друштвото од извршниот директор;
- тримесечен извештај за работењето на Друштвото од извршниот директор;
- неревидирани финансиски извештаи за период 01.01-31.03; 01.01-30.06; 01.01-30.09 и 01.01-31.12;
- годишен извештај за постигнатите ефекти и резултати од работењето на Друштвото од извршниот директор;
- полугодишен и годишен извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2023 година;
- годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година.

Усвоените извештаи и планови, детално ги разгледаа, дискутираа по истите и донесоа соодветни заклучоци и насоки за понатамошна работа на Друштвото, како и одлуки за одобрување на истите.

Неизршните членови на Одборот на директори на ТД МАКОШПЕД АД го разгледуваа извештајот на овластениот ревизор ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, назначен за вршење ревизија на финансиските извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје, за годината која заврши, кој издаде извештај со кој се потврдува реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје заклучно со 31.12.2022 година, како и финансиска успешност и паричните текови на Друштвото за годината што заврши во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени во Р.С.Македонија, освен за ефектот од работите опишани во Основа за мислење со резерва.

Во врска со почитување на принципот на редовна и ефикасна контрола и ревизија на работењето на Друштвото, сакаме да истакнеме дека од страна на Собранието на Друштвото секоја година се избира друштво за ревизија од редот на независните овластени ревизорски куќи кои вршат ревизија на финансиските извештаи.

Како аргумент плус кон почитувањето на принципот на контрола и ревизија на работењето на Друштвото е формираната независна Служба за внатрешна ревизија, организирана од неизвршните членови на Одборот на директори чии вработени се должни навремено да доставуваат извештаи за спроведената ревизија до Одборот на директори.

**5.** Друштвото има јасно поставена организациона структура, со прецизно дефинирани права и одговорности на органите на управување и на другите органи на Друштвото, со тоа што го потврдуваат принципот на поделба на надлежности.

Извршувањето на своите секојдневни активности, органот на управување ги врши во согласност со законската регулатива и подзаконски акти кои се применуваат подеднакво за сите членови на органот на управување, лицата со посебни права и одговорности, како и за останатите вработени во Друштвото со цел продолжување на профитабилното работење на Друштвото.

**Неизвршни членови на Одбор на директори**
**на ТД МАКОШПЕД АД Скопје**